Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-3104/14
02.05.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

**До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 29 април 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереник Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

**Број на седница и датум:** 71, 29.04.2025 12:00
**Архивски број:** 50-3104

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.04.30 16:32:48 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 30.04.2025
Проверил: Снежана Маркова Пендовски, 30.04.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 30.04.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 30.04.2025

Одобрил: Хасим Муртезани,
Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Hasim Murtezani
Date: 2025.04.30 15:56:39 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 30.04.2025 15:18 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=2d7f0d71-c7cb-4ce4-9441-2b641bb7eebd&docSharePointURL=/materijali/2025/638775699969712106/Documents/act.docx&materialId=15e0c6db-7bd6-4cbd-b91c-483f74b5f3e5 |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини,<br><br>Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини |
| ПОВЕРЕНИК: | Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини |

Предлог на закон
за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, по скратена постапка

Скопје, април 2025 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“, (“Службен весник на Република Македонија” бр.193/2015) склучен е Договорот за заем помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ број 15-10888/1 од 10.12.2015година, (Договор за заем), врз основа на кој Министерство за финансии на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија (ЗАЕМОДАВАЧ), Министерство за транспорт и врски (КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ) и Акционерско Друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје (ЗАЕМОПРИМАЧ - ИНВЕСТИТОР) склучија Договор за подзаем за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“ со бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година (Договор за подзаем), Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем со бр.05-1499/1 од 10.10.2016 година, Анекс бр.2 кон Договор за подзаем со бр.05-2307/1 од 10.05.2023 година, и Анекс бр.3 кон Договорот за подзаем заверен со број 05-2307/6 од 05.12.2023 година.

НОМАГАС АД Скопје (правен наследник на НЕР АД Скопје) за извршување на својата основна дејност, цевоводен транспорт, од која Друштвото остварува приходи, потребно е да ја развие гасификационата мрежа и да ги реализира проектите за изградба на магистралните гасоводи во Република Северна Македонија. За реализација на наведените проекти, односно реализација на планот за гасификација на државата потребен е подолг временски период со оглед на обемот на работа за завршување на истите. За таа цел Владата на Република Северна Македонија склучи Договорот за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“ со Дојче банка и Ерсте банка, со кои средства НОМАГАС АД Скопје ги реализира предметните делници.

За продолжување на реализацијата на проектите за изградба на магистрална гасоводна мрежа, НОМАГАС АД Скопје склучи договор за заем и договор за инвестициски грант со Европската Инвестициска Банка (ЕИБ) за проектот за изградба на интерконективен гасовод со Грција. За целосна финансиска конструкција за проектот Интерконективен гасовод со Грција, НОМАГАС АД Скопје потребно е да склучи договор за заем и со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), која банка ќе ја финансира и изградбата на делниците „Гостивар-Кичево“ и „Св. Николе-Велес“.

Со оглед на моменталната задолженост на НОМАГАС АД Скопје кон Министерството за финансии, Друштвото може да биде доведено до потешкотии во ликвидноста и солвентноста при понатамошната реализација на идните проекти и добивање на поволности при кредитирање од страна на европските инвестициски банки.

Покрај наведеното, еден од условите за повлекување на средства од заемот кој ќе се склучи со ЕБОР е трансформација на побарувањето од Министерството за финансии.

Доколку овој услов не се исполни, ЕБОР ќе го раскине договорот што ќе доведе до прекин на реализацијата на Проектот за изградба на интерконективен гасовод со Грција.

Со цел надминување на проблемите со кои се соочува НОМАГАС АД Скопје, а кои произлегуваат од задолженоста на друштвото се предлага донесување на Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог - законот е трансформација на наведените побарувања во влог на побарувањето на Република Северна Македонија по Договорот за подзаем за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“ со бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година, Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем заверен со број 05-1499/1 од 10.10.2016 година, Анекс бр.2 кон Договорот за подзаем заверен со број 05-2307/1 од 10.05.2023 година и Анекс бр.3 кон Договорот за подзаем заверен со број 05-2307/6 од 05.12.2023 година, во Министерство за финансии заверен со број 15-10557/1 од 05.12.2023 година и во Министерство за транспорт и врски заверен со број 35-482/8 од 05.12.2023 година, Договор за регулирање на долг склучен на 14.12.2021 година, заверен кај доверителот под бр.11-11242/1 на 14.12.2021 година, а кај НОМАГАС АД Скопје со бр. 05-3688/1 од 14.12.2021 година и Договор за регулирање на долг склучен на 20.03.2023 година, заверен кај доверителот под бр.11-4526/1 на 20.03.2023 година, а кај НОМАГАС АД Скопје со бр. 05-1453/1 од 20.03.2023 година.

Предлог на Законот, чие донесување се предлага се заснова на следниве начела:

-зголемување на ефикасноста на работењето на АД НОМАГАС Скопје и

-обезбедување на финансиска стабилност и солвентност на АД НОМАГАС Скопје.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТИ НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје нема да повлече материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА ПЛАТЕНИ ОБВРСКИ КОН СТРАНСКИ КРЕДИТОРИ ВО ТРАЕН ВЛОГ ВО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Со овој закон се уредува начинот и постапката за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Член 2

Побарувања на Република Северна Македонија од Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, во смисла на овој закон, се побарувања кои произлегуваат од платени обврски кон странски кредитори - Дојче банка и Ерсте банка, по основ на Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“ („Службен весник на Република Македонија” бр.193/15), Договор за заем склучен помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ бр.15-10888/1 од 10.12.2015 година, Договор за подзаем за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“ склучен помеѓу Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски и Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, во државна сопственост бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година, Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем бр. 05-1499/1 од 10.10.2016 година, Анекс бр.2 кон Договорот за подзаем бр. 05-2307/1 од 10.05.2023 година и Анекс бр.3 кон Договорот за подзаем бр. 05-2307/6 од 05.12.2023 година, како и Договор за регулирање на долг бр. 11-11242/1 на 14.12.2021 година и Договор за регулирање на долг бр. 11-4526/1 на 20.03.2023 година,  за период од 2015 година до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Каматите и другите споредни побарувања на главниот долг од членот 1 од овој закон се пресметуваат согласно со закон до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Висината на главниот долг, каматите и споредните побарувања на Република Северна Македонија од Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со записник ја утврдува комисија формирана од министерот за финансии која е составена од пет

члена, од кои три члена од Министерството за финансии и два члена од Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во својство на Собрание на акционери одлучува за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост во висина на вкупниот износ од членот 2 од овој закон.

Член 5

Постапката за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост се врши со издавање на акции од страна на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост по пат на приватна понуда согласно со Законот за хартии од вредност, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост акциите од ставот 1 на овој член ги издава по номиналната вредност.

Под приватна понуда, во смисла на овој закон се подразбира понуда за запишување на хартии од вредност врз основа на претворање на побарувањата на Република Северна Македонија во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост која е наменета за Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

При издавање на акции по пат на приватна понуда согласно со овој закон, во случај кога Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини се јавува како познат купувач, не се применува забраната од Законот за хартии од вредност постојаните акционери да се јават како познати купувачи.

Член 6

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги презема акциите од приватната понуда од членот 5 од овој закон со претворање на побарувањата од членот 2 од овој закон во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Член 7

По уписот на зголемената основна главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија и запишувањето на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како сопственик на акциите во Централниот депозитар на хартии од вредност, престануваат паричните обврски на Акционерското друштво за вршење на

енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост спрема Република Северна Македонија, согласно со членот 2 од овој закон.

Член 8

Во постапување по овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност и Законот за трговските друштва со исклучок на одредбите од членот 322 ставови (3) и (4) од Законот за трговските друштва, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје содржи 9 члена.

Со членот 1 се уредува начинот и постапката за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост;

Со членот 2 од овој закон се дефинираат побарувањата на Република Северна Македонија од Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје;

Со членот 3 од овој закон се предвидува каматите и другите споредни побарувања на главниот долг од ставот членот 1 на од овој член закон се пресметуваат согласно со закон до денот на влегувањето во сила на овој закон;

Со членот 4 се уредува дека висината на главниот долг, каматите и споредните побарувања на Република Северна Македонија од НОМАГАС АД Скопје, со записник ја утврдува Комисија формирана од Министерот за финансии која е составена од пет члена од кои три члена од Министерството за финансии и два члена од НОМАГАС АД Скопје. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во својство на Собрание на акционери одлучува за зголемување на основната главнина на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост;

Со членот 5 од овој закон се дефинира постапката за издавање на акции од страна на друштвото која се врши по пат на приватна понуда согласно одредбите од Законот за хартии од вредност, освен ако со овој закон поинаку не е уредено. При издавање на акции согласно со овој закон, во случај кога Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини се јавува како познат купувач, не се применува забраната од Законот за хартии од вредност постојните акционери да се јават како познати купувачи;

Со членот 6 од овој закон се предвидува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да ги преземе акциите од новата емисија со претворање на побарувањата во траен влог во НОМАГАС АД Скопје;

Со членот 7 се уредува престанокот на паричните обврски на Друштвото спрема Република Северна Македонија по основ на главен долг и камата утврдени согласно со член 2 од законот, по уписот на зголемената основна главнина на Друштвото во трговскиот регистар и запишувањето на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како сопственик на акциите во Централниот депозитар на хартии од вредност ;

Со членот 8 од овој закон доследно се повикува на примената на одредбите од Законот за хартии од вредност и Законот за трговските друштва со исклучок на одредбите од членот 322 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва и

Со членот 9 од овој закон се уредува времето на влегување во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани, чинат правна целина и се правно применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје се врши трансформација на наведените побарувања во влог на побарувањето на Република Северна Македонија по Договорот за подзаем за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“ со бр. 05-1977/1 од 11.12.2015 година, Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем заверен со број 05-1499/1 од 10.10.2016 година, Анекс бр.2 кон Договорот за подзаем заверен со број 05-2307/1 од 10.05.2023 година и Анекс бр.3 кон Договорот за подзаем заверен со број 05-2307/6 од 05.12.2023 година, во Министерство за финансии заверен со број 15-10557/1 од 05.12.2023 година и во Министерство за транспорт и врски заверен со број 35-482/8 од 05.12.2023 година, Договор за регулирање на долг склучен на 14.12.2021 година, заверен кај доверителот под бр. 11-11242/1 на 14.12.2021 година, а кај НОМАГАС АД Скопје со бр. 05-3688/1 од 14.12.2021 година и Договор за регулирање на долг склучен на 20.03.2023 година, заверен кај доверителот под бр. 11-4526/1 на 20.03.2023 година, а кај НОМАГАС АД Скопје со бр. 05-1453/1.